**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.04.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Весна Симоновска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 20:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.04.2024 година.
2. Нацрт-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.
3. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.04.2024 година.

Г-дин Трајчев имаше техничка забелешка во дел од неговата дискусија на страна 4 во третиот пасус. Според него во реченицата „..во тој е дозволено во овој период“, да

стои или „во тој дел е дозволено..“ или зборовите „во тој“ да се избришат и да стои само „дали е дозволено во тој период“.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе ја прифати измената конкретно како што ќе ја предложи.

Г-дин Трајчев предложи да се додаде зборот „дел“ и да гласи „. .во тој дел дали е дозволено во овој период..“

Советот на Агенцијата со забелешката од г-дин Трајчев едногласно го усвои предложениот Записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Како што објаснил на седницата кога се усвојуваше Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, по потврдување на листите од страна на ДИК треба да следи негова измена. Измената се однесува во делот на 30-те секунди што за време на претседателските избори ги користеше кандидатот поддржан од движењето „ЗНАМ“ Максим Димитриевски. Сега во таа група од 30 секунди влегуваат сите учесници кои што имаат потврдено листи од страна на ДИК, а немаат свои пратеници во Парламентот. Тие учесници во изборниот процес на парламентарните избори во една или во повеќе изборни единици се вкупно 11 и се наведени во Нацрт-упатството. Дополнителните единаесет учесници во парламентарните избори исто така соодветно се надополнуваат и во делот на начинот за известување кај јавниот сервис како и во делот на бесплатното политичко претставување. Други суштински измени нема. Како што објаснил на седницата кога се усвојуваше Упатството, подоцна ќе следи уште една измена кога ќе се знае кои двајца кандидати или кандидатки ќе учествуваат во вториот круг на претседателските избори. Објасни дека денес, по усвојувањето на Нацрт-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, истото ќе биде доставено до политичките партии и медиумите. Рокот за доставување на коментари и забелешки е до понеделник, 15.04.2024 до 12 часот, а потоа истиот ден попладне треба на седница да се усвои Упатството бидејќи веќе од четврток 18 април започнува кампањата за Парламентарните избори.

Г-дин Петрушевски праша дали следната измена на Упатството ќе се случи од кога ДИК ќе потврди кои двајца кандидати влегуваат во втор круг на претседателски избори или пак наредниот ден кога ќе се знаат веќе резултатите?

Г-дин Трајчевски рече измената на Упатството ќе се случи кога ДИК ќе ги потврди кандидатите, кое веројатно ќе се случи уште вечерта, освен доколку нема жалби со кои би се оспорувале резултатите.

Г-дин Петрушевски во врска со движењето „ЗНАМ“, праша дали додека трае првиот дел од претседателската кампања, на кандидатот му остануваат 30-те секунди?

Г-дин Трајчевски објасни дека 9те минути и 30 секунди се сосема дополнителни, не се исти со претседателските избори, значи има дополнителни 9 минути и 30 секунди за Парламентарните избори.

Г-дин Петрушевски констатира дека веројатно и од таа причина сумата за овие избори е толку голема за ППР, отприлика два пати поголема од вообичаената сума. Во однос на предложениот Нацрт се изјасни дека ќе гласа онака како што е доставен во материјалите, па ќе се види до понеделник дали ќе се доставаат забелешки.

Г-дин Трајчев во однос на рокот кој што е предложен во материјалите, рече дека денес е петок, а предложено е да се доставуваат коментари до понеделник 15.04.2024, што значи дека остануваат сабота и недела како денови во кои што можат да се доставаат забелешки, а четврток е моментот каде што тоа треба да биде дефинирано и определено. Смета дека рокот е многу краток, и праша дали може да се пролонгира до вторник, 16 април, со што ќе се додаде уште еден работен ден и ќе им се даде повеќе време за забелешки.

Г-дин Трајчевски објасни дека сега е време на избори и политичките партии и медиумите работат сите денови во неделата вклучително и викенди. Објасни дека тој рок е предложен со цел да се остави простор за да потпишат медиумите договори со политичките партии и да можат да емитуваат ППР. Доколку Упатството се усвои во вторник попладне, им останува само еден ден за да можат да склучат договори за ППР, бидејќи во четврток почнува кампањата. Во врска со Упатството медиумите се во тек, во Агенцијата се јавуваат секој ден повеќе пати, политичките партии исто така се во тек. Освен можеби една политичка партија, не верува дека би имало забелешки од други политички партии, бидејќи ова што денес се усвојува е нешто стандардно, не е ништо ново или нешто што не го знаат политичките партии.

Г-дин Петрушевски предложи компромисно решение, во понеделник седницата да биде подоцна, исто преку видео конференциска врска со почеток во 20.30 часот, а наместо до 12 часот, коментарите да се доставуваат до 15 часот.

Г-дин Трајчевски се согласи и даде насоки до Службата, во електронската пошта што ќе се испраќа до политичките партии и до радиодифузерите заедно со Нацрт-упатството, да биде нагласено забелешките да се доставуваат најдоцна до понеделник до 15 часот.

Г-дин Петрушевски рече согласно новиот рок  да се коригира времето и во заклучокот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со текст како што беше предложено.

Нацрт-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 да се достави до радиодифузерите и другите заинтересирани страни за коментари и забелешки, најдоцна до 15 часот на 15 април 2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт-Упатството, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Објасни дека на 9-ти април радиодифузерот во целост го уплати годишниот надоместок за дозволата. Со тоа се исполнети условите за да се запре започнатата постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-1585/2 од 11.04.2024г., РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0090 од 26.02.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**